# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ
## за периодот Јануари – Март 2023 година

Скопски Пазар АД Скопје за периодот Јануари – Март 2023 година оствари позитивен финансиски резултат искажан во неревидиран и неконсолидиран Биланс на успех.

**Сметководствена политика и методи на вреднување**

Градежните објекти кои се состојат од магацински и деловен простор, дадени под оперативен наем се класифицирани во недвижности за изнајмување по пат на пренос, согласно нивната пренамена. По првичното признавање како недвижности за изнајмување, овие средства се признаени по нивните објективни вредности, кои претставуваат пазарни вредности, утврдени од страна на надворешни проценители со соодветно искуство. Разликата помеѓу претходно евидентираната вредност и објективната вредност се третира во согласност со МСС 16 како ревалоризациона резерва во рамките на капиталот на Друштвото. Последователното мерење на градежните објекти (магацински и деловен простор) кои се издаваат под оперативен наем, кои се иницијално признаени по моделот на објективна вредност, се врши со повторна проценка на нивната објективна вредност на секој датум на билансирање. Добивката или загубата која произлегува од промената на објективната вредност се признава во добивката или загубата во периодот во кој настанала согласно МСС 40.

**Вкупни приходи**

Остварени вкупни приходи во периодот Јануари – Март 2023 година изнесуваат 111.800 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2022 година бележат зголемување од 49%. Вкупните приходи се од тековното редовно работење на компанијата.

Скопски Пазар АД Скопје за периодот Јануари – Март 2023 година оствари добивка од 46.968 илјади денари, што преставува зголемување од 635% во однос на истиот период од минатата година.

**Вкупни расходи**

Вкупните расходи за периодот Јануари – Март 2023 година изнесуваат 64.832 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2022 година бележат намалување од 4%. Намалувањето на вкупните расходи се должи на намалување на финансиските расходи.

**Дивиденда**

За распределба на остварената добивка за 2022 година ќе се одлучува согласно предложените одлуки на претстојното Годишно собрание на акционери закажано за 30.05.2023 година.

**Инвестиции**

Во 2023 година е продолжено со имплементирање на планираните инвестиции во објектите со кои стопанисува Друштвото.